**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**До:** МАБ ГРАДБА ДООЕЛ Скопје
ул."Иван Козаров" бр.24/1 лок.42
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-13
**Дата:** 05.04.2022 г

**Предмет:** Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 05-04-2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата "МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со наш бр.Уп08-13 од 01.04.2022 година, за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РСМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за четири вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник, еден дипломиран социјален работник и за две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека "МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020).

На ден 05.04.2022г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на "МАБ ГРАДБА" ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска